**ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**

ул. „11 Октомври" бр.18, Скопје 1000, Република Македонија

тел: 02/32 35 730
факс: 02/32 96 901
е-пошта: info@fodsk.org.mk
www.fodsk.org.mk

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2017 ГОДИНА
# ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

**Скопје, октомври 2016 година**

# Содржина

**В О В Е Д** ..... 3

**1. Макроекономски сценарио за 2017 година во Република Македонија** ..... 4

**2. Основи на финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити во 2017 година** ..... 6

**2.1 Планирана динамика на движење на депозитната база на членките на Фондот во делот на средствата на население во текот на 2017 година** ..... 8

**2.2 План на инвестициското портфолио на Фондот** ..... 10

**3. Планирани билансни резултати на Фондот за осигурување на депозити во 2017 година** ..... 13

**3.1 Биланс на состојба** ..... 14

3.1.1 АКТИВА ..... 14

3.1.2 ПАСИВА ..... 17

**3.2 План на приходи и расходи за 2017 година** ..... 19

3.2.1 ПРИХОДИ ..... 20

3.2.2. РАСХОДИ ..... 21

3.2.3. НЕТО ДОБИВКА 2017 година ..... 22

# В О В Е Д

Фондот за осигурување на депозити на Република Македонија е основан во 1997 година со посебен закон и функционира како небуџетска, самофинансирачка, профитабилна, специјализирана финансиска институција, заради обесштетување на осигурените депозити во банките, филијалите на странски банки, штедилниците во случај на настанување на ризичен настан со регистрирана дејност согласно ЗТД (65.12 неживотно осигурување).

Основна задача на Фондот е да ги осигурува депозитите на населението во банкарскиот сектор во Република Македонија и совесно и продуктивно да располага со средствата кои ги наплаќа од банките по основ на премии за осигурување на депозити, со што овозможува оплодување на средствата и континуирано зајакнување на фондовите за сигурност кои се користат за обесштетување на депонентите во случај на настанување на ризичен настан во некоја од банките или штедилниците во државата.

Финансискиот план за 2017 година е креиран во насока на организирање и спроведување активности кои се важни заради остварување на континуирано осовременување на деловните процеси во Фондот со што се очекува подобрување на ефикасноста и ефективноста на услугите на Фондот. Покрај веќе утврдените работни процеси и остварување на поставените цели, Фондот во текот на 2017 година ќе работи и на активности кои соодветствуваат на новите европски политики за осигурување на депозити. Имено, ЕУ силно се залага за зајакнување и модернизирање на системите за осигурување и обесштетување на депонентите во банкарските системи во ЕУ, како последница на лошите искуства кои во глобални рамки ги имаа европските, а и светските развиени општества во текот на големата финансиска, а потоа и економска криза која започна во 2008 година. Оттука, ЕУ усвои и нова Директива за осигурување на депозити со која сѐ повеќе се потенцира и зацврстува улогата на осигурителите на депозити во Европа.

Со цел реализирање на деловните активности, при подготовка на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година во предвид се земени следниве параметри: а) важечката законска регулатива; б) економските политики на Владата и макроекономските индикатори и проекции за 2017 година, а пред се фискалната политика и политиката на јавниот долг; в) целите на монетарната политика дефинирани од страна на НБРМ; г) каматната политика на НБРМ со која влијае на пасивните каматни стапки на банките; д) трендот на намалување на пасивните каматни стапки на деловните банки во Република Македонија и можното влијание врз однесувањето на штедачите; ѓ) зајакнување на регионалната соработка и соработката со развиените европски држави со цел приближување кон европските трендови; е) зајакнување на соработката со НБРМ и другите финансиски институции важни за одржување на финансиската стабилност во Република Македонија.

## 1. Макроекономски сценарио за 2017 година во Република Македонија

Во 2017 година се предвидува солиден раст на македонската економија која ќе се карактеризира со раст на БДП од 3%.

Ваквиот раст е предетерминаран од очекувањата за движењето на домашната побарувачка наредната година, како и од предвидувањата за меѓународното економско окружувања. Согласно последните проекции се предвидува умерено забрзување на глобалниот економски раст во 2017 година, кој е проектиран на 3,4 %. Сепак, проекцијата за раст на глобалната економија е намалена, главно како резултат на предвиденото забавување на економскиот раст во развиените земји, намалената доверба кај инвеститорите и зголемената нестабилност на меѓународните финансиски пазари, предизвикани од референдумот во Велика Британија за напуштање на Европската унија, и истата е ревидирана на 1,4%.

Во однос на домашните фактори се очекува дека политичката криза во земјата ќе се разреши, што ќе влијае позитивно врз очекувањата и довербата на економските субјекти и ќе се одрази преку зголемен раст на инвестициите и потрошувачка и раст на депозитната база на населението кој тренд на раст беше прекинат во вториот квартал на 2016 година, но повторно стабилизиран по воведување на мерките на НБРМ за стабилизирање на движењата на девизниот пазар и депозитната база на банките.

Приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст од 2,1% во 2017 година, главно како резултат на очекуваниот раст на расположливиот доход на домаќинствата, при проектирано зголемување на вработеноста и платите. Проекцијата за реален раст на јавната потрошувачка изнесува 1,3%.

Стапката на инфлација во 2017 година се очекува да биде ниска, проектирана на ниво од 1%.

Позитивните движења на пазарот на трудот се предвидува да продолжат во 2017 година, при што растот на вработеноста се очекува да изнесува 1,8% што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност. Просечната бруто плата во земјата се очекува да забележи номинален раст од 1,8%.

Стабилниот девизен курс на денарот во однос на еврото ќе се задржи и во 2017 година, во функција на одржување на ценовната стабилност како крајна цел на монетарната политика.

Сите горенаведени фактори влијаат и врз движењата на депозитите на населението кои ги осигурува и обесштетува Фондот за осигурување на депозити, а оттука се подготвуваат и долу наведените основи за креирање на финансискиот план на Фондот за 2017 година:

- Прогнозите за макроекономските движења и монетарната политика во Република Македонија;
- Планирана динамика на движење на депозитите на населението во банкарскиот сектор во Република Македонија;
- Планирана месечна динамика за движење и состојбата на инвестиционото портфолио на Фондот за осигурување на депозити;
- Проценети билансни резултати во 2017 година.

Во текот на 2017 година, Фондот за осигурување на депозити ќе продолжи да ги спроведува редовните деловни активности преку кои се остваруваат неговите основните цели, стратегии и мисијата за која е основан водејќи сметка за спроведување на мерки и активности за ефикасно и ефективно работење, евалуација на постигнатите цели и воспоставување на висок степен на контрола на работењето. Истовремено, Фондот за осигурување на депозити планира да спроведе и одредени подготвителни активности во насока на приближување кон новите политики на ЕУ во делот на осигурување на депозитите на населението.

## 2. Основи на финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити во 2017 година

При креирање на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година во предвид беа земени:

- Анализи на состојбата, динамиката на движење, валутната структура и структурата по рочност на депозитите на население во банкарскиот сектор во Република Македонија и

- Предвидувањата за можната динамика на движење на депозитите на населението и проектираните приливи на средства врз основ на пресметана премија за осигурување.

Анализата на движењата на депозитите на население во банкарскиот сектор во Република Македонија за Фондот овозможува релативно прецизно предвидување на приливите на средствата кои Фондот може да ги очекува во текот на 2017 година по основ на наплата на премија, а предвидувањето на приливите од премии значат и предвидувања и планирање на инвестициите кои Фондот ќе ги оствари следната година.

Финансискиот план за 2017 година се заснова на следните проекции:

- Депозитите на население во банкарскиот сектор на крајот на 2017 година ќе остварат годишен пораст од 3,97% и ќе достигнат износ од 230.828.336 илјади денари;
- Фондот на крајот на 2017 година ќе наплати вкупна годишна премија во износ од 1.129.059 илјади денари;
- Со планот за 2017 година се предвидува просечниот месечен прираст на државните записи да изнесува околу 114,2 милиони денари,
- месечниот аконтативен износ на данок на добивка за 2017 година кој изнесува 2.900.00 денари;
- процент од активата кој е дозволен да се инвестира во висина од 99% при што обемот на инвестиционото портфолио на крајот на 2017 година се предвидува да го надмине за 10,36% остварениот обем на крајот на 2016 година;
- согласно инвестиционата политика, Фондот ќе учествува на 15 аукции на државни записи кои ги организира Министерството за финансии и ќе купува записи со рок на доспевање од 12 месеци;

- Рочната структура на инвестиционото портфолио на Фондот се предвидува да ја сочинуваат државни записи со рок на доспевање од 12 месеци;
- Цената, односно каматната стапка по која ќе се купуваат државните записи со рок на доспевање од 12 месеци се предвидува да изнесува 2,6% на годишно ниво во периодот јануари-декември 2017 година;
- На депозитот по видување кој се наоѓа во НБРМ се предвидува и во текот на 2017 година да се оствари камата по стапка од 0,2%, односно, приходот по тој основ за цела година да изнесува 319.614 денари.

Во Финансискиот план за 2017 година се дадени детални толкувања на горенаведените проекции и предвидувања.

## 2.1 Планирана динамика на движење на депозитната база на членките на Фондот во делот на средствата на население во текот на 2017 година

Предвидувањата и планирањата на динамиката на движењето на депозитната база на членките на Фондот се темелат на поконзервативни и претпазливи процени од страна на Фондот и истите предвидуваат претпоставен годишен раст на депозитната маса од 3,97% односно на 31.12.2017 година депозитите на население се предвидува да изнесува 230.828.336 илјади денари.

Проекцијата и предвидувањето за движењето на депозитната база е даден во Табела 1.

Табела 1: Планирана месечна состојба на депозитите на население во 2017 година во корелација со месечната состојба на депозитите во 2016 година (во илјада ден)

| Датум 2016 | Состојба на депозити на население | Планирана динамика на пораст на депозити во текот на 2016 година (во %) | Остварена динамика на пораст во 2016 (во %) | Датум 2017 | Планирана динамика на пораст на депозити во текот на 2017 година (во %) | Предвидена состојба на депозити во текот на 2017 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2015 | 221.247.047 | | | 31.12.2016 | | 222.016.912 |
| 31.1.2016 | 221.034.840 | 0,3 | -0,1 | 31.1.2017 | 0,3 | 222.682.963 |
| 29.2.2016 | 222.227.243 | 0,6 | 0,5 | 29.2.2017 | 0,5 | 223.796.378 |
| 31.3.2016 | 223.021.483 | -0,2 | 0,4 | 31.3.2017 | 0,1 | 224.020.174 |
| 30.4.2016 | 219.205.407 | -0,5 | -1,7 | 30.4.2017 | 0,1 | 224.244.195 |
| 31.5.2016 | 215.108.264 | 0,2 | -1,9 | 31.5.2017 | 0,2 | 224.692.683 |
| 30.6.2016 | 215.722.335 | 0,4 | 0,3 | 30.6.2017 | 0,4 | 225.591.454 |
| 31.7.2016 | 216.936.083 | 0,6 | 0,6 | 31.7.2017 | 0,5 | 226.719.411 |
| 31.8.2016 | 217.631.994 | 0,5 | 0,3 | 31.8.2017 | 0,4 | 227.626.289 |
| 30.9.2016 | 218.850.733 | 0,7 | 0,6 | 30.9.2017 | 0,6 | 228.992.046 |
| 31.10.2016 | 220.076.297 | 0,1 | 0,6 | 31.10.2017 | 0,1 | 229.221.038 |
| 30.11.2016 | 221.308.725 | 0,5 | 0,6 | 30.11.2017 | 0,4 | 230.137.923 |
| 31.12.2016 | 222.016.912 | 0,3 | 0,3 | 31.12.2017 | 0,3 | 230.828.336 |
| **Вкупно** | | **3,5** | **0,4** | | **3,9** | |

*износите и % на раст изразени во месеците септември, октомври, ноември и декември, 2016 година се проекции бидејќи во моментот на креирање на овој финансиски план не се достапни за анализа.

Ефектите на домашните политички случувања имаа влијание врз активностите на банкарскиот систем во првиот семестар на 2016 година преку забавен раст на депозитите додека во периодот април и мај, 2016 година е забележано

намалување на депозитната маса за 1,7% односно 1.9% во однос на претходниот месец. Трендот на раст на долгорочното штедење беше прекинат, така што во порастот на депозитите најзастапени беа депозитите по видување, но и девизните депозити што од своја страна укажува на забавување на процесот на денаризација на депозитната активност. Мерките на НБРМ за стабилизирање на движењата на девизниот пазар и депозитната база на банките го дадоа својот ефект и во месец јуни, 2016 година покажа тренд на раст на депозитите од 0,3% во однос на претходниот месец што преставува сигнал за постепено стабилизирање на согледувањата на економските субјекти. Предвидувања за последниот квартал за 2016 година укажуваат дека овој тренд на раст ќе се задржи и се очекува годишниот пораст на депозити во Македонија за 2016 год да биде 0,4% што е значајно пониско од предвиденото ниво од 3,5% на почетокот на 2016 година но сепак значајно поповолно од предвидувања од месец април, 2016 кога ефектите на неизвесноста околу политичката состојба во земјата го имаа најсилното влијание врз банкарскиот систем.

Водејќи се од погоре дадените макроекономски индикатори како и од верувањето дека политичката криза во земјата во 2017 година ќе се разреши и ќе влијае позитивно врз очекувањата и довербата на економските субјекти проектиран е годишен раст на депозитната база во 2017 година од 3,9% кој ќе се карактеризира со бавен но постојан месечен раст. Месечниот тренд на движење на депозити во 2016 година и планираниот за 2017 година е даден во Графикон 1.

Графикон 1: Динамика на депозити на население за 2016 година и проекција на динамика на депозити на население за 2017 година




Следствено на проектираното движење на депозити за 2017 година предвидување за наплатата на премија во 2017 година укажува дека планиран вкупен износ на

премија што Фондот на крајот на 2017 година ќе го наплати изнесува 1.129.059 илјади денари. Табела 2 содржи приказ на очекуваната наплата на премија на Фондот и пресметка на истата врз основа на проектираната динамика на состојбата на депозитите на население за 2017 година.

Табела 2: Очекувана наплата на премија од членките на Фондот и нивото на покриеност на Фондот во текот 2017 година

| Датум | Предвидена состојба на депозити | Стапка на премија (%) | Месечен износ на премија |
|---|---|---|---|
| 31.12.2016 | 222.016.912.000 | | |
| 31.1.2017 | 222.682.963.000 | 0,5 | 92.507.047 |
| 28.2.2017 | 223.796.378.000 | 0,5 | 92.784.568 |
| 31.3.2017 | 224.020.174.000 | 0,5 | 93.248.491 |
| 30.4.2017 | 224.244.195.000 | 0,5 | 93.341.739 |
| 31.5.2017 | 224.692.683.000 | 0,5 | 93.435.081 |
| 30.6.2017 | 225.591.454.000 | 0,5 | 93.621.951 |
| 31.7.2017 | 226.719.411.000 | 0,5 | 93.996.439 |
| 31.8.2017 | 227.626.289.000 | 0,5 | 94.466.421 |
| 30.9.2017 | 228.992.046.000 | 0,5 | 94.844.287 |
| 31.10.2017 | 229.221.038.000 | 0,5 | 95.413.353 |
| 30.11.2017 | 230.137.923.000 | 0,5 | 95.508.766 |
| 31.12.2017 | 230.828.336.000 | 0,5 | 95.890.801 |
| **Вкупна годишна премија за 2017 година** | | | **1.129.058.944** |

## 2.2 План на инвестициското портфолио на Фондот

Во согласност со Законот за Фондот за осигурување на депозити и во 2017 година Фондот ќе ги пласира прибраните средства во државни хартии од вредност - државни записи со рок на достасување од 364 денови, според календарот на месечни аукции за 2017 година, објавен од страна на Министерството за финансии. Начинот на инвестирањето на средствата се врши според одредбите од интерните акти на Фондот - *Правилник за инвестиционата политика на Фондот и Деловникот за работата на Одборот за инвестирање*.

При изработката на планот на инвестиционото портфолио на Фондот за 2017 година се утврдени следните претпоставки:

1. просечен месечен прираст на вкупните депозити кај членките на Фондот: 0,33%,
2. годишен пораст на вкупните депозити кај членките на Фондот: 3,97%

3. стапка на премија : 0,5% годишно,
4. цени на 12-месечните записи: 2,6% годишно.

Фондот ги пласира паричните средства кои се прибрани од наплата на премија од членките на Фондот и приходите по основ на пласманите во хартии од вредност. Како што е погоре наведено, се планира вкупната премија во 2017 година да изнесува 1.129.059 илјади денари, што претставува основен прилив за реинвестирање, односно за купување нови записи со негово додавање на износот на достасаните записи во секој месец.

Се планира вкупната состојба на инвестиционото портфолио на крајот на годината да изнесува 15.980.000.000 денари (вредносното усогласување на крајот на годината изнесува 15.763.775.168 денари), односно во однос на состојбата од крајот на 2016 година (14.480.530.000 ден.) да се зголеми за 1.499.470.000 денари или за 10,36%, односно просечно месечно по 114,2 милиони денари. Овој износ соодветствува со месечните приливи на премии (просечно месечно по 94,1 мил. денари) и дисконтираните износи при купување на новите записи, кои се помали од нивните номинални вредности за вкупната камата до доспевање на записите. Динамиката и номиналните вредности на достасаните државни записи и на новите државни записи по месеци во 2017 година е прикажана во табелата 3 и графички изразен во графикон 2.

Табела 3: План на динамиката и состојбата на инвестиционото портфолио во 2017 година

| **2017 месец/државни записи и камата** | **Достасани записи** | **Нови записи** | **Каматна стапка** | **Камата** | | | **Провизија за банка-купувач** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *во номинална вредност* | | | *камата до 31.12.2017* | *камата во 2018* | *вкупно камата до доспевање* | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| **12-месечни записи** | | | | | | | |
| ***состојба на 31.12.2016*** | 14.480.530.000 | | | | | | |
| **Јануари** | 190.000.000 | 290.000.000 | 2,60% | 7.183.459 | 244.891 | 7.428.350 | 35.000 |
| | 190.000.000 | 200.000.000 | 2,60% | 4.785.220 | 337.780 | 5.123.000 | 35.000 |
| | ***14.590.530.000*** | | | | | | |
| **Февруари** | 600.000.000 | 700.000.000 | 2,60% | 15.713.817 | 2.216.683 | 17.930.500 | 35.000 |
| | ***14.690.530.000*** | | | | | | |
| **Март** | 1.240.000.000 | 1.360.000.000 | 2,60% | 28.519.910 | 6.316.490 | 34.836.400 | 35.000 |
| | 3.300.000.000 | 3.390.000.000 | 2,60% | 67.750.268 | 19.084.582 | 86.834.850 | 35.000 |
| | ***14.900.530.000*** | | | | | | |
| **Април** | 190.000.000 | 300.000.000 | 2,60% | 5.700.041 | 1.984.459 | 7.684.500 | 35.000 |
| | ***15.010.530.000*** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мај** | 1.750.000.000 | 1.880.000.000 | 2,60% | 32.015.935 | 16.140.265 | 48.156.200 | 35.000 |
| | ***15.140.530.000*** | | | | | | |
| **Јуни** | 0 | 95.000.000 | 2,60% | 1.383.843 | 1.049.582 | 2.433.425 | 35.000 |
| | ***15.235.530.000*** | | | | | | |
| **Јули** | *170.000.000* | 260.000.000 | 2,60% | 3.275.061 | 3.384.839 | 6.659.900 | 35.000 |
| | ***15.325.530.000*** | | | | | | |
| **Август** | 330.530.000 | 430.000.000 | 2,60% | *4.145.548* | *6.868.902* | 11.014.450 | 35.000 |
| | ***15.425.000.000*** | | | | | | |
| **Септември** | 140.000.000 | 240.000.000 | 2,60% | 1.959.125 | 4.188.475 | 6.147.600 | 35.000 |
| | ***15.525.000.000*** | | | | | | |
| **Октомври** | 310.000.000 | 420.000.000 | 2,60% | *2.600.908* | *8.157.392* | 10.758.300 | 35.000 |
| | ***15.635.000.000*** | | | | | | |
| **Ноември** | 1.560.000.000 | 1.700.000.000 | 2,60% | 7.177.830 | 36.367.670 | 43.545.500 | 35.000 |
| | 4.510.000.000 | 4.620.000.000 | 2,60% | 10.404.596 | 107.622.544 | 118.027.140 | 35.000 |
| | ***15.885.000.000*** | | | | | | |
| **Декември** | 0 | 95.000.000 | 2,60% | *166.687* | 2.260.278 | 2.426.965 | 35.000 |
| | **15.980.000.000** | | | | | | |
| **Вкупно на 31.12.2017** | **15.980.000.000** | | | **192.782.248** | 216.224.832 | 409.007.080 | **525.000** |
| сегашна вредност на 31.12.2017 | **15.763.775.168** | | | | | | |

Графикон 2: План за движење на инвестиционото портфолио на Фондот во 2017 година




Фондот ќе приходува камата во износ од 409,007 илјади денари по основ на новите пласмани во државни записи во 2017 година, а ќе плати провизија на банките-посредници за извршеното посредување за купувањето на записите во износ од 525.000 денари. Во Табела 4 е даден преглед на планот и состојбата на каматата по основ на државни записи во 2017 година.

Табела 4: Преглед на планот на состојбата и на каматата по основ на државни записи во 2017 година

| **О П И С** | **состојба** | |
|---|---|---|
| ***1. Состојба на државните записи***<br>*12-месечни државни записи* | ***Номинална вредност*** | ***сегашна вредност*** |
| Состојба на државните записи на 31.12.2016 година | 14.480.530.000 | |
| Нови записи во 2017 година | 1.499.470.000 | |
| Состојба на државните записи на 31.12.2017 година | 15.980.000.000 | 15.763.775.168 |
| | | |
| ***Камата по основ на државните записи*** | ***2017 год.*** | ***2018 год.*** |
| Камата по основ на недостасани записи од 2016 година | 198.895.120 | |
| Камата на новите записи во 2017 година | 192.782.248 | |
| Камата на новите недостасани записи во 2018 година | | *216.224.832* |
| **Вкупно:** | **391.677.368** | |
| | | |
| ***3. Провизија за банки-купувачи*** | 525.000 | |

Во согласност со *Правилникот за инвестиционата политикана Фондот*, вкупниот износ на инвестиционото портфолио на Фондот на крајот на секој месец нема да надмине 99% од збирот на состојбата на вкупните парични средства, состојбата на хартиите од вредност на Фондот и побарувањата по основ на премии. Под состојба на хартиите од вредност се зема вредносното усогласување на државните записи во сметководствената евиденција на Фондот на крајот на секој месец.

Инвестирањето на средствата се врши преку сметката на Фондот во Народна банка на Република Македонија. При тоа ќе се оствари целната пропорција (target ratio) на вкупните средства на Фондот (состојба на инвестиционото портфолио и состојба на ликвидните средства на сметката на Фондот во банка) во однос на вкупните депозити кај банките и штедилниците, членки на Фондот, во месечна динамика од 6,54% во јануари до 6,90% во декември 2017 година.

## 3. Планирани билансни резултати на Фондот за осигурување на депозити во 2017 година

Проекцијата на билансните резултати кои се очекува да се остварат на крајот на 2017 година е во корелација со остварувањето на деловната активност на Фондот во текот на годината, а која активност согласно деловната политиката е насочена пред сè кон јакнење на финансиска кондиција на Фондот заради создавање

потенцијални можности за обесштетување во случај на потреба при настанување на ризичен настан во некоја од банките или штедилниците.

Поаѓајќи од прогнозите за макро-економските движења во земјата и макро-економска политика на Владата на Република Македонија за 2017 година, календарот за аукции на државните записи организирани од страна на Министерството за финансии како и предвидените потреби на Фондот за несметано одвивање на деловната активност се креираа вредностите по категории на средства во двата биланса на Фондот за 2017 година.

## 3.1 Биланс на состојба

Според планираните параметри за 2017 година, вкупната билансна сума на крајот на годината се предвидува да изнесува 15,953 милијарди денари и за 1,486 милијарди денари или за 10,28 % да го надмине нивото на средства остварени на крајот на 2016 година. Планираниот пораст на билансната сума го објаснува зголеменото учество на државните записи во вкупната структура на средства за 1,473 милијарди денари како и зголемување на обемот на истите во однос на 2016 година за 10,31 %.

Анализата на поединечните категории на средства на страната на активата и пасивата во Билансот на состојба и нивната проекција за 2017 година ќе бидат посебно разгледувани во рамките на предметниот материјал.

### 3.1.1 АКТИВА

Структурата на активата во Билансот на состојба ја сочинуваат четири групи категории на средства:

3.1.1.1 „Материјални средства" кои ги опфаќаат вредноста на сопствениот деловен простор заедно со опремата во кој се остварува деловната активност на Фондот за осигурување на депозити и набавка на моторно возило во 2016 г.;

3.1.1.2 „Нематеријални средства", односно софтверот заради изготвување на програми потребни за квалитетно извршување на деловните активности;

3.1.1.3 „Хартии од вредност" кои се чуваат до доспевање и кои го сочинуваат инвестиционото портфолио на Фондот; и

3.1.1.4 „Тековни средства" кои ги опфаќа средствата кои се чуваат во НБРМ, во деловните банки за оперативни потреби и во благајната на Фондот. Воедно, во оваа група се вклучени и останатите побарувања (пресметани камати од НБРМ) и активните временски разграничувања.

Вредностите по категории на средства на страната на активата претставени се во табела 5.

Табела 5: Планирана структура на активата во Билансот на состојба на 31.12.2017

*Илјада денари*

| Опис | План Состојба 31,12,2016 | % | Проекција 31,12,2017 | % | Индекс 4/2 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 |
| **СРЕДСТВА** | **14.466.940** | **100,00** | **15.953.780** | **100,00** | **110,28** |
| *Нематеријални срества* | *741* | *0,01* | *137* | *0,00* | *18,49* |
| Софтвер | 741 | 0,01 | 137 | 0,00 | 18,49 |
| | | | | | |
| *Материјални средства* | *24.684* | *0,17* | *23.596* | *0,15* | *95,59* |
| Недвижности | 22.688 | 0,16 | 21.879 | 0,14 | 96,43 |
| Опрема | 1.996 | 0,01 | 1.717 | 0,01 | 86,02 |
| | | | | | |
| *Превземени материјални средства* | *0* | *0,00* | *368* | *0,00* | |
| Превземени материјални средства | | 0,00 | 368 | 0,00 | |
| | | | | | |
| *Вложувања* | *14.290.290* | *98,78* | *15.763.775* | *98,81* | *110,31* |
| Дванаесетмесечни записи | 14.290.290 | 98,78 | 15.763.775 | 98,81 | 110,31 |
| | | | | | |
| *Парични средства, побарувања, разграничувања* | *151.225* | *1,05* | *165.904* | *1,04* | *109,71* |
| Парични средства | 151.169 | 1,04 | 165.877 | 1,04 | 109,73 |
| 1.Жиро сметка | 151.163 | 1,04 | 165.868 | 1,04 | 109,73 |
| 2.Благајна | 6 | 0,00 | 9 | 0,00 | 150,00 |
| Побарувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| 1.Побарувања по основ премии | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| 2.Останати побарувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| 3.Аконтации на данок на добивка | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| Разграничувања | 56 | 0,00 | 27 | 0,00 | |
| 1.АВР | 56 | 0,00 | 27 | 0,00 | 48,21 |
| | | | | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **14.466.940** | **99,98** | **15.953.780** | **100,00** | **110,28** |
| *Капитал и резерви* | *14.464.524* | *99,98* | *15.945.672* | *99,95* | *110,24* |
| Уплатен капитал | 10.300 | 0,07 | 10.300 | 0,06 | 100,00 |
| Фонд за сигурност | 14.183.134 | 98,04 | 15.599.260 | 97,78 | 109,98 |
| Добивка за годината | 271.090 | 1,87 | 336.112 | 2,11 | 123,99 |
| | | | | | |
| *Тековни обврски* | *2.416* | *0,00* | *8.108* | *0,05* | *335,60* |
| Обврски за штети | 8 | 0,00 | 8 | 0,00 | 100,00 |
| Останати обврски | 2.408 | 0,00 | 8.100 | 0,05 | 336,38 |
| 1.Останати краткорочни обврски | 2.408 | 0,02 | 8.100,0 | 0,05 | 336,38 |
| 2.ПВР | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |

### 3.1.1.1 Материјални средства

Категоријата „Материјални средства" го претставува деловниот простор, сопственост на Фондот во кој се остварува деловната активност. Според планот за 2017 година се предвидува неговата вредност да се намали за 4,4 процентни поени како резултат на законски определената стапка на амортизација и на крајот на годината да изнесува 23,596 милиони денари. Во оваа категорија на средства е вклучена и опремата (компјутерите, печатачите и сл.) дел набавена во 2015 година (7 преносливи персонални компјутери и 2 статични персонални компјутери) како и набавениот во 2016 година, компјутер-сервер. Поради недоречености во постапката за вработување, од 2016 во 2017 година се префрла набавката на 3 преносни персонални компјутери, 3 работни маси и 3 столици за лицата кои треба да се вработат.

### 3.1.1.2 Нематеријални средства

Во 2016 година извршена е набавка на специјализирана софтверска апликација за водење на деловни процеси и на крајот на 2017 по одбиена амортизација ќе има вредност од 0,137 милиони денари.

### 3.1.1.3 Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање

Во структурата на Билансот на состојба, на страната на активата и во текот на 2017 година доминантно учество од 98,81% се планира да има категоријата на средства „вложувања во хартии од вредност" (2016: 98,78). За истите се планира да го зголемат обемот за 1,473 милијарди денари или 10,31 % во однос на остварениот обем на крајот на 2016 година како резултат на утврдената политика на инвестирање од 99 % (Октомври 2015) од средствата на Фондот да се вложуваат во високо квалитетни хартии од вредност. Вложувањата во 2016 година му донеле на ФОД одреден приход во рамки на планираниот, а кој во 2017 година ќе биде зголемен.

### 3.1.1.4 Тековни средства

Втора по големина категорија на средства на страната на активата се „тековните средства" за кои во билансот за 2017 година се очекува да достигнат износ од 165, милиони денари. Во рамките на оваа категорија највисок процент на застапеност имаат паричните средства кои се чуваат во вид на депозит по видување во НБРМ во износ од 165 милиони денари.

На крајот на 2017 година не е предвидено побарување по основ на аконтации на данок на добивка туку обврска за плаќање.

## 3.1.2 ПАСИВА

Состојбата на пасива ја сочинуваат две категории:

3.1.2.1 *„капитал и резерви”* во кој се вклучени капиталот на Фондот за осигурување на депозити, резервите за сигурност и нераспределената добивка остварена во претходната година која, по завршна сметка, во полн износ согласно законска обврска, се распределува во резервите за сигурност на Фондот;

и

*3.1.2.2 “Тековни обврски”* во чија група спаѓаат обврските по основ на штети кон банки и штедилници, како и обврски кон добавувачи.

Структурата и планираната вредност на овие категории презентирана е во табела 6.
Табела 6: Планирана структура на пасивата во Билансот на состојба во 2017 година

*во илјади денари*

| Опис | План Состојба 31.12.2016 | % | Проекција 31.12.2017 | % | Индекс 4/3 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| **КАПИТАЛ, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **14,466,940** | **99.98** | **15,953,780** | **100.00** | **110.28** |
| *Капитал и резерви* | *14,464,524* | *99.98* | *15,945,672* | *99.95* | *110.24* |
| Уплатен капитал | 10,300 | 0.07 | 10,300 | 0.06 | 100.00 |
| Фонд за сигурност | 14,183,134 | 98.04 | 15,599,260 | 97.78 | 109.98 |
| Добивка на годината | 271,090 | 1.87 | 336,112 | 2.11 | 123.99 |
| | | | | | |
| *Тековни обврски* | *2,416* | *0.00* | *8,108* | *0.05* | *335.60* |
| Обврски за штети | 8 | 0.00 | 8 | 0.00 | 100.00 |
| Останати обврски | 2,408 | 0.00 | 8,100 | 0.05 | 336.38 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • Останати краткорочни обврски | 2,408 | 0.02 | 8,100.0 | 0.05 | 336.38 |
| • ПВР | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | |

### 3.1.2.1 *Капитал и резерви*

#### 3.1.2.1.1 Капитал

Капиталот на Фондот во износ од 10,3 милиони денари е во сопственост на Република Македонија и во 2017 година ќе остане на нивото од претходната, односно на нивото од претходните години. Во структурата на пасивата се предвидува да учествува со 0,06% и со порастот на другите категории на средства неговото учество од година во година постепено ќе се намалува.

#### 3.1.2.1.2 Резерви за сигурност

На страната на пасивата категоријата на средства „резерви за сигурност" се предвидува да достигне износ од 15,6 милијарди денари и за 9,98%, односно за 1,416 милијарди денари да го надмине нивото достигнато во 2016 година со што ќе учествува во вкупната структура на средства со 97,78%.

Со оглед на фактот дека, „резерви за сигурност" ја изразуваат финансиската кондиција на Фондот и претставуваат извор за финансирање на обесштетувањето во случај на ризичен настан, за 2017 година се планира неговото реално зголемување да изнесува 1.416 милијарди денари, а се објаснува со распределба на средствата од остварената добивка во 2016 година во износ од 271 милиони денари и премијата која се планира да ја уплатат членките на Фондот (за цела година) во износ од 1.129 милиони денари.

#### 3.1.2.1.3 Акумулирана добивка

Ефектот од деловната активност во 2017 година природно ќе резултира со очекуваната добивка од 336,1 милиони денари како резултат од каматите на остварени од вложувањето во хартии од вредност и од каматата на депозитот кој се наоѓа во НБРМ. Добивката во 2017 година ќе биде зголемена за 23,99 % во однос на 2016 година.

### 3.1.2.2 Тековни обврски

#### 3.1.2.2.1 Обврски за штета

Обврските за штета во билансот на состојба на Фондот имаат незначително учество. Кон банките обврски по тој основ нема и за 2016 година не се планираат, а кон штедилници останува истата обврска од 2016 година во износ од 8 илјади денари.

#### 3.1.2.2.2 Останати краткорочни обврски

Оваа група на обврски на страната на пасивата се планира во 2017 година да достигне износ од 8,1 милион денари по основ на данок на добивка.

#### 3.1.2.2.3 Обврски за данок на добивка

Имајќи ги предвид аконтациите на данок на добивка во текот на 2016 година, на крајот на 2017 ФОД ќе има само делумна обврска за данок на добивка, бидејќи износот на добивка во 2017 година ќе биде поголем во однос на 2016 година и ќе се појави обврска за доплата на данок на добивка во износ од 7,2 милиони денари имајќи предвид дека вкупната обврска за данок на добивка за 2017 година ќе изнесува 37,355 милиони денари.

## 3.2 План на приходи и расходи за 2017 година

Ефектите од реалното планирање и реализирање на деловната активност за 2017 година се очекува да се ефектуира во приходи од Билансот на успех, а особено во остварувањето на добивка. Врз основа предвидените параметри во сите сегменти од работењето на Фондот со планот за 2017 година се очекува:

- Вкупните приходи да се остварат во износ од 388,877 милиони денари (2016: 361,579 милиони денари) или зголемување од 23 %;
- Вкупните расходи да достигнат износ од 15,410 милиони денари (2016: 15,205 милиони денари), или зголемување од 1,35%;

при што, позитивниот ефект би резултирал со:

- Данок на добивка од 37,355 милиони денари (2016: 30,155 милиони денари) или зголемување 23,9 %
- Нето добивка од 336,112 милиони денари (2016: 271,09 милиони денари) е износ за кој ќе се зголемат резервите за сигурност на Фондот за осигурување на депозити што претставува зголемување 23,99 % во однос на претходната година.

Вредностите на сите позиции од планираниот биланс на успех за 2017 година упатуваат на констатација дека, приходите ги создаваат само каматите остварени

по неколку основи, а расходите претставуваат трошоци за несметано извршување на дејноста.

Расходите остануваат на ниво од 2016 година.

### 3.2.1 ПРИХОДИ

Согласно планираните параметри за вложувања во хартии од вредност и депонирање средства во НБРМ на основа кои се остварува камата, предвидена е структурата на приходите кои ќе ги оствари Фондот во 2017 година, а кои се презентирани во:

Табела 7: Планирана структура на приходи во 2017 година *во илјади денари*

| Опис | План 31.12.2016 | % | Проекција 31.12.2017 | % | Индекс 2017 /2016 | Разлики во апсолутни износи 4-2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **ПРИХОДИ** | **316.445** | **100%** | **388.877** | **100.00** | **122.89** | **72.432** |
| Државни записи – шест месечни | 316.157 | 99.9% | 388.677 | 99.95 | 122.94 | 72.520 |
| Државни записи – дванаесет месечни | 288 | 0.1% | 200 | 0.05 | 69.44 | -88 |
| Депозити по видување – НБРМ | 0 | 0 | 0 | 0.00 | | 0 |
| Депозити по видување – деловни банки | 0 | 0 | 0 | 0.00 | | 0 |
| Казнена камата на основа премии | 0 | 0 | 0 | 0.00 | | 0 |
| Позитивни курсни разлики | 0 | 0 | 0 | 0.00 | | 0 |
| Вонредни приходи | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Во 2017 година приходите од камати на државни записи ќе имаат доминантно учество од 388,87 милиони денари што би изнесувало 99,95 % во структурата на вкупните приходи. Се очекува вкупните приходи да бидат поголеми во однос на остварените приходи од крајот на 2016 година за 23 %, односно да се зголемат за 72, милиони денари. Најголемо влијание врз зголемување на приходите е поради зголемување на каматата во износ од 72 милиони денари која се предвидува да се оствари од купените државни записи во однос на остварената камата во 2016 година или раст од 22,94%. Во 2017 година ќе се купуваат дванаесет месечни државни записи со каматна стапка од 2,6% годишна.

### 3.2.2. РАСХОДИ

Расходната страна на билансот на успех останува на ниво од 2016 годуина ја сочинуваат шест категории на трошоци за кои во 2017 година се планира вкупна вредност од 15,4 милиони денари  (2016: 15,2 милиони денари) или 0,2 милион денари повеќе трошоци во однос на очекуваните во 2016 година.
Структурата на планираните расходи за 2014 година презентирана е во табела 8.

Табела 8: Планирана структура на расходи во 2017 година

*во илјади денари*

| Опис | План | % | Проекција | % | Индекс | Разлики во апсолутни износи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.16 | | 31.12.17 | | 2017/2016 | 2017-2016 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **РАСХОДИ** | **15.205** | **100%** | **15.410** | **100.00** | **101.35** | **205** |
| Трошоци за услуги | 1.676 | 11% | 1.649 | 10.70 | 98.39 | -27 |
| Амортизација и обезвреднување | 1.532 | 10% | 1.508 | 9.79 | 98.43 | -24 |
| Материјални трошоци | 891 | 6% | 930 | 6.04 | 104.38 | 39 |
| Останати трошоци од работа | 1.185 | 8% | 1.496 | 9.71 | 126.24 | 311 |
| Трошоци за вработените | 9.921 | 65% | 9.827 | 63.77 | 99.05 | -94 |
| Негативни курсни разлики | 0 | 0% | 0 | 0.00 | | 0 |

Доминантно учество од 64 % во структурата на трошоците и износ од  9.827 илјади денари во 2017 година се очекува да оствари категоријата „трошоци на вработените", која на крајот на годината се очекува да биде помало за 1% во однос на плнираното доколку се реализиратт вработувањата во 2016 година.

Втора по големина категорија на трошоци во вкупната структура на трошоци за 2017 година се предвидува категоријата „трошоци за услуги". Истата се очекува да достигне износ од 1,649 милиони денари и за 27 илјади денари помалку.
Како нови трошоци во 2017 година се појавуваат трошоци за маркетинг во износ од 107, илјади денари (1,800 евра) кои се однесуваат на промотивни материјали и материјали за анкета кој ќе ја спроведе Фондот, банери, брошури и останати материјали поврзани со одбележување на јубилејот 20 години на ФОД.
Категоријата „амортизација и обезвреднување" во 2017 година се предвидува да се намали за 24, илјади денари  или 10 % во однос на претходната година како

резултат на амортизацијата која согласно законската обврска ќе се пресмета и на новата опрема (компјутери), на нематеријалните средства (софтвер) и на патничкото моторно возило кое се набави во 2016 година.

За материјалните трошоци се предвидува зголемување од 39 илјади денари зголемување за 4% во однос на претходна година и учество од 6 % во структурата на трошоците.
Категоријата „останати трошоци од работење" е со износ од 1,496 милиони денари и зголемена за 26% во однос на 2016 и учество од 9,71 % во структурата на трошоците. Оваа категорија ги опфаќа трошоците околу членарината во ЕФДИ (Европскиот форум на осигурители на депозити), предвидените трошоци за службени патувања на годишното собрание на ЕФДИ и на редовни состаноци на регионалниот форум на земјите од Балканот членки на ЕФДИ, трошоци за сместување на вработените на регионалните состаноци, трошоци за стручно усовршување, физичко обезбедување на деловниот објект и слично.

### 3.2.3. НЕТО ДОБИВКА 2017 година

sСогласно планираните приходи и расходи од работењето на Фондот за осигурување на депозити во 2017 година се очекува да се оствари нето добивка во износ од 336,1 милиони денари која за 24 % поголема од износот на добивка што ќе се оствари во 2016 година.

Табела 9: Планирана нето добивка за 2017 година *во илјади денари*

| **Опис** | **План 31.12.2016** | **Проекција 31.12.2017** | **Процент (3/2)** | **Разлика во апсолутни износи 3-2** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | 316,445 | 388,877 | 122.89% | 72,432 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ | 15,205 | 15,410 | 101.35% | 205 |
| **БРУТО ДОБИВКА (3=1-2)** | **301,240** | **373,467** | 123.98% | 72,227 |
| **ДАНОК НА ДОБИВКА** | 30,150 | 37,355 | 123.90% | 7,205 |
| **НЕТО ДОБИВКА** | **271,090** | **336,112** | 123.99% | 65,022 |

Согласно законот и Статутот на Фондот за осигурување на депозити, нето добивката која се очекува да се оствари во 2017 година ќе биде распределена во „резервите за сигурност" на Фондот со што, ќе се зголеми неговата финансиска кондиција која ќе значи поголема сигурност и доверба кај штедачите и можност, без проблеми да се справи со потенцијалните обврски (во законски утврдените рамки) во случај на ризичен настан.

* * * * *

Финансискиот план на Фондот за 2017 година е креиран според параметрите кои постојат во Република Македонија во нејзиното општествено и економско окружување. Исто така, во предвид се земени и анализите на секојдневните случувања во Фондот и анализа на потребата од раст и развој на оваа институција како еден од столбовите на финансиската стабилност. Очекуваме сите позиции во билансите на финансискиот план да бидат целосно прифатени заради успешна реализација на целите и мисијата на Фондот.

Директор,
Горан Анчески, МБА